# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

## СОДРЖИНА

**Одлука**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје ................................ 2

**Одлука**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје .......... 3

**Одлука**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет –Скопје ................................. 5

**Одлука**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје ... 6

**Одлука**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје .. 8

Врз основа на член 71, став 1, точка 2 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.459/2019 и бр.626/2022), и член 5 и член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на Факултетот, на XIX редовна седница одржана на 6.9 2024 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет –Скопје**

1. Со оваа одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителните надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет – Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот), од член 8 во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа:

| ред.бр. | Назив на услугата | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите ( член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 ден. |
| 2. | Издавање потврда за статус студент/специјализант (член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 ден. |
| 3. | Издавање потврда по разни основи со одредени специфики (член 5, точка 15 од Анексот) | 1.500,00 ден. |
| 4. | Набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми (годишно) | 2.000,00 ден. |
| 5. | За полагање на предмети во дополнителен термин за студентите на прв циклус студии (по предмет) (член 21, став 2 од Одлуката за правила на студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет – Скопје, Универзитетски гласник бр. 537/2021) | 1.000,00 ден. |

2. На студентите запишани на прв и втор циклус студии на Факултетот им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно со оваа одлука.
3. Со влегувањето во сила на оваа одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), престанува да важи Одлуката за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Фармацевтскиот факултет бр. 02-233/4 од 15.4.2014 година.
4. Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетски гласник и ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Зоран Стерјев, с.р.**

Врз основа на член 86, став 1, точка 2 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 456/2019 и бр. 609/2022), и член 5 и член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на Факултетот, на својата 13. редовна седница одржана на 16.9.2024 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

1. Со оваа одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителните надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот), од член 8 во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа: